КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
јануари-февруари 2015
бр. 48-49 • година 7



КАРПОШ СОКОЛИ: НА ПАТОТ КОН ВРВОТ

ФОТО: Денис Дуковски-www.sportmedia.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
ISSN 1857-6753

MOTOCENTAR



ПРВ ИЗБОР ЗА ГУМИ

(02) 2774 144 (02) 3095 777

MICHELIN Continental BRIDGESTONE nokian TYRES

ЗИМАТА ДОАЃА

MICHELIN BFGoodrich TIGAR

25% ПОПУСТ



НАЈНИСКИ ЦЕНИ НА ЗИМСКИ ГУМИ

СЕРВИСНО-ПРОДАЖЕН ЦЕНТАР ЗА ГУМИ

Олимпико



ВО ОВОЈ БРОЈ



ВЕТЕНО СТОРЕНО

НА СТАРТОТ НА СЕЗОНАТА 6



ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

МОДНАТА РАПСОДИЈА НА ЕНА 15



ФИНАНСИИ

ОПШТИНА КАРПОШ- ЛИДЕР ВО НАПЛАТА НА ДАНОК НА ИМОТ 16



ФЕР ПЛЕЈ

НА ПАТОТ КОН ВРВОТ 21



РАЗГОВОР

КОГА СЕ САКА... 26



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Бојан Милошевски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Мила Глигорова
Ива Манова
Јоана Станиќ
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Ангелина Николовска
Живко Трајановски

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед

Маркетинг
Александар Бошковски
Ивана Пендовска Вукашиновиќ
marketing@karpos.gov.mk

КАРПОШ ДОНИРАШЕ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ

Општина Карпош организираше еднонеделна хуманитарната акција за помош на поплавените подрачја во државата. Акцијата беше спроведена на 36 пункта, во 14-те урбани заедници на територија на Општината, како и во сите основни училишта и градинки, каде што граѓаните имаа можност да ја остават донацијата и да им дадат поддршка на своите сограѓани чии имоти настрадаа во поплавите предизвикани од обилните дождови.

Камионот полн со ќебиња, вода, трајна конзервирана храна, хигиенски средства и производи потребни за настраданите, беше испратен на 17- ти февруари оваа година. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски посака ова да биде последно лошо кое и се случува на државата.

- Граѓаните од Општината заедно со локалната самоуправа, собраа над осум тони вода, околу две илјади парчиња хигиенски средства, над 1.500 парчиња конзервирана храна, како и повеќе од 1.300 парчиња останати прехранбени производи. Сè што е наполнето во камионот е наменето за жителите во општината Чешиново-Облешево . Помошта од Карпош е предадена на тамошните локални власти, а тие ќе ја распределат на настраданите граѓани. Жал ми е што во 21-от век се случуваат вакви стихии и поплави коишто им носат несреќа на граѓаните, но сепак, ние треба да сме тие кои колку-толку ќе се потрудиме да им помогнеме.

Покрај ова, Советот на Општина Карпош на својата 30-та седница одобри уште 400.000 денари финансиска помош за подрачјата кои настрадаа во поплавите во источниот дел на Македонија. Одлучено е 300.000 денари да бидат издвоени од Буџетот на Општината, а 100.000 денари се донација од советниците од сите советнички групи кои за оваа намена еднократно се откажаа од своите паушали.Со оваа акција Карпош уште еднаш ја покажа својата солидарност и хуманост на дело. **М.Г.**



ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ОД ДЕЦАТА ОД ОУ „ЈАХЈА КЕМАЛ“

Учениците од основното училиште „Јахја Кемал“, во хуманитарниот пункт во општинските простории ја донираа својата помош до другарчињата од поплавените подрачја во државата. Со полни кеси трајни производи, пакети вода и средства за хигиена, тие дадоа сопствен придонес во борбата против последиците од големите поплави кои ги зафати изминатиот период источните делови на Македонија.

Основците, ги примија вработените од Одделението за социјална, детска и здравствена заштита и им поделија по една картичка со благодарност за хуманоста и солидарноста.



Донацијата од учениците од ОУ „Јахја Кемал“, заедно со општинската донација е доставена во кризните делови на државата. **М.Г.**



Почитувани сограѓани,

Зад нас ги оставаме зимските месеци јануари и февруари, а тоа, за нас, во Карпош, значи постепено отворање на градежната сезона. Не дека немавме работа и во изминатите јануари и февруари, но сепак, тоа се месеци на повеќе славење и дружба.

Во јануари, заедно со нашите сограѓани, достоинствено и во духот на нашата традиција ги одбележавме големите празници Бадник и Божиќ, потоа се нижеа Василица, Свети Атанасиј кој е заштитник на влаевчани и жителите на Бардовци и Злокуќани. Сите заедно, во добро расположение и ведар дух, ги минавме празничните церемонии. Потоа дојдоа и Свети Трифун и Свети Валентајн, симболите на виното и на љубовта. Кога вредните лозари ги закројуваат лозјата и на кои им посакавме богат род. Празникот на љубовта нашата локална власт го чествува на малку поригинален начин и различно од другите. Ние традиционално тој ден го минуваме со заеднички оброк со осамените карпошани и карпошанки, луѓе кои немаат или кои го изгубиле својот партнер, лица со попреченост и едноставно сограѓани желни за дружба.

Во сферата на изградба на комуналната инфраструктура и градежништвото започнавме десеттина проекти, некои од нив капитални како онаа за новата болница Филип Втори, но и други. Некои работи едноставно не може да чекаат и за нив не важи очекување на пролетта и на подобри сончеви денови, односно официјалниот старт на градежната сезона.

За жал, во изминатиот период повторно се соочивме со голем тест на хуманоста. Нашата земја ја зафатија обилни дождови и поплави, посебно во источните краишта на земјата, каде што мораше да се интервенира веднаш со хуманитарни конвои и помош од секаков вид. А кога е хуманоста во прашање-тука е Карпош. Издвоивме со одлука на Советот 400.000 денари директна финансиска помош за поплавените. Сакам во оваа пригода да им се заблагодарам на сите советници на Општина Карпош кои несебично се откажаа од своите паушали со цел и тие да партиципираат во оваа конкретна поддршка на настраданите граѓани од Источна Македонија.

Се разбира, не беа само советниците хумани. На прво место секогаш се жителите на Карпош кои на 36 пункта во Карпош за неполна недела, донираа осум тони вода за пиење, тони конзервирана храна и средства за хигиена кои беа испратени во општината Чешиново-Облешево.

Во изминатиот период Карпош имаше богат културен и општествен живот, но и спортски, како што и доликува на една од најспортските локални самоуправи во државата. Нашиот тим кој директно го поддржува Советот на Општина Карпош „Карпош соколи“ со крупни чекори граби кон врвот на македонската кошарка односно има сериозни шампионски амбиции. Ние одамна ветивме дека ќе биде шампионски клуб и расадник на млади кошаркари. Сега тоа го остваруваме.

Во наредниот период не очекува навистина уште многу работа. Секојдневните потреби на граѓаните се и секојдневни наши грижи и обврски. Во следните месеци имаме цел поамбициозно „да влеземе“ во изградбата на новата општинска зграда. Да забрзаме со процесот на легализација и продажба на градежно земјиште за нови инвеститори, кои конечно ќе го забрзаат и развојот на нашата општина.

Во меѓувреме и официјално се конституираше и Советот на млади во Општина Карпош, тело кое активно ќе учествува во носењето на клучни одлуки во локалната власт. Тоа, за нас е од примарно значење затоа што конечно младите се иднината на Карпош.

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски

НА СТАРТОТ НА СЕЗОНАТА

Иако јануари и февруари важат за „најзимски“ месеци, сепак градежните активности во Општина Карпош не стивнаа. Имавме релативно блага зима, дождливи денови, но и покрај тоа, имавме и приоритети на кои моравме да работиме. Тоа е пред се во интерес на инвеститорите кои градат крупни, капитални проекти и на кои сме должни да им изградиме соодветна инфраструктура. Така интензивно работевме на изградбата на фекалната и атмосферската канализација за новата болница Филип Втори, поточно изградба на целосно новата улица Новопроектирана 1. Освен тоа, за потребите на граѓаните на улицата Разловечко востание мораше да се реконструира фекалната канализација и да се постават четири нови шахти, да изградиме неколку пристапни рампи за лицата со посебни потреби, нова пешачка патека до ООУ „Димо Хаџи Димов“ и дузина други објекти. Сепак, вистинската градежна сезона допрва претстои.

В.Ц.



Изградба на атмосферска и фекална канализација на ул. Новопроектирана 1 која ги поврзува ул. Бледски Договор и бул. 8ми Септември. Изведувач Еуроинвест ИНГ



Дислокација на електрични столбови во Општина Карпош. Изведувач Дигитал



Проширување на паркинг на ул. Радика пред ООУ Лазо Трповски. Изведувач Еуроинвест ИНГ











Изградба на паркинг простор пред нов станбен објект во продолжение на паркингот пред ДЦ Алуминка. Изведувач Чингар Инженеринг



Три пристапни рампи на бул. 8ми Септември бр. 8.
Изведувач Мастеф



Реконструкција на ул. Илија Плавев во Козле.
Изведувач Ескаватори

ВЕТЕНО
ОПШТИНА КАРПОШ
СТОРЕНО



Започната изведба на фасадата на Новата Општинаска Административна зграда. Изведувач Неотех Инженеринг СК



Изградба на пешачка патека од ул. Есперанто до влез на ООУ Димо Хаџи Димов. Изведувач Еуроинвест ИНГ

ЧЕСТВУВАЊЕ ЗА КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ – ПИТУ

На 25.февруари, пред споменикот на народниот херој Кузман Јосифовски – Питу , во населбата Козле, во Карпош, се одбележа 71.годишнина од трагичната смрт на великанот на македонското народноослободително движење.



Пред присутните почитувачи на народноослободителното дело – граѓани на урбаната заедница што го носи неговото име, голем број соборци, претставници на Општина Карпош и повеќе здруженија на граѓани, пригодно обраќање имаше д-р. Трајко Стаматоски,претседател на Градскиот одбор на СЗБ од НОАВМ Скопје.Со своето присуство, чинот на чествувањето го удостоија и носителите на „Партизанска споменица 1941„, Томе Буклески,Кочо Битуљану и генерал – полковникот во пензија Тодор Атанасовски.

Говорејќи за Питу, и за неговиот огромен придонес во НОВ и во создавањето на македонската држава, д-р.Стаматоски го потенцира интелектуалниот потенцијал на херојот, кој со своите визии, широки погледи и упорност, успеал да мотивира голем број интелектуалци да се вклучат во НОВ со заеднички став за иднината на Македонија кој подоцна се преточи во АСНОМ.

Пред споменикот на Питу, свежо цвеќе положија претставници на Општина Карпош,Боречката организација, како и поголем број здруженија на граѓани.

Поетесата Лидија Јеремиќ презентира лична творба посветена на ликот и делото на Кузман,а секретарот на Градскиот одбор на СЗБ, Тошо Коцевски упати благодарност до локалната самоуправа на Општина Карпош за одржувањето на спомен – обележјето.

Ж.Трајановски

КАРПОШ МУ ОДДАДЕ ПОЧИТ НА ТРАЈКОВСКИ

По повод 11 - годишнината од смртта на поранешниот македонски претседател Борис Трајковски, кој загина во авионска несреќа кај Ротимље во близина на Мостар, делегација на Општина Карпош, предводена од претседателот на Советот наОпштината, Сашо Лазаровски положи свежо цвеќе пред бистата на платото на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје. Претседателот на Советот, Сашо Лазаровски во своето пригодно обраќање изрази длабока жал и почит, велејќи:

- Ми претставува особено голема чест и задоволство што СЦ „Борис Трајковски“ се наоѓа точно во општината Карпош. Денес, ние, претставниците



од локалната самоуправа, дојдовме тука за да оддадеме почит на прерано починатиот наш претседател Борис Трајковски. Се надеваме дека тој никогаш нема да биде заборавен од идните генерации во Република Македонија, поради длабоката хуманистичка трага што ја остави со своето дејствување. Во авионска несреќа што се случи на 26 февруари 2004 година загина претседателот на Република Македонија Борис Трајковски и осумчлената македонска делегација која патуваше на Меѓународна конференција во Мостар. Единаесетгодишнината од авионската несреќа ќе биде одбележана и со меморијален натпревар во Мостар на македонски и босански алпинисти.

М.Г.



ОДБЕЛЕЖАНИ БАДНИК И БОЖИЌ

Во чест на големите христијански празници Бадник и Божиќ, Општината Карпош организираше палење на традиционалниот коледарски оган. Централното одбележување на празникот со палење на огнот, беше на спортско рекреативниот центар Влае 2, каде што се собраа неколку илјади граѓани. Со настапот на групата „Фортисимо“ почна славењето на големите празници, а на кршењето на бадниковото лепче со париче, учествуваа претставници од 14-те урбани заедници на територијата на Карпош. По одржаната верска литургија се изврши и кршењето на колачот со париче и примопредавање на кумството. Од присутните кандидати за кумство кои го вртеа колачот, среќното париче му падна на Оливер Станоески од урбана заедница Нерези, кому му беше извршено и официјално предавање на кумството од страна на досегашната кума, Цветанка Тренчевска, која му подари златно крстче и преодна икона со ликот на Мајка Богородица, во знакот на бериќетна и плодна 2015 година. -Оваа година, посакувам за сите граѓани, здравје, бериќет, љубов и успешна и плодна година.- истакна новиот бадников кум, Оливер Станоески. Се служеа и топли пијалоци со пригодна посна храна, согласно православните обичаи, а на празничната манифестација присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски кој го честиташе новото кумство и посака огинот и топлината што се шират од коледарскиот оган да ја имаат сите семејства во своите домови. **М.Г.**



Новиот бадников кум Оливер Станоески

ДВОЈНА СРЕЌА НА ВОДИЦИ ВО КАРПОШ

Големиот христијански празник Водици (Богојавление), беше пригодно одбележан и во општина Карпош со фрлањето на крстот во водите на реката Вардар, како синоним на светите води на реката Јордан. Младите и храбри верници Кристијан Андреевски од населбата Нерези и Никола Стефановски од Карпош, се двајцата среќници кои оваа година го фатија крстот, и според верувањата, нив и на нивните семејства во текот на годината ќе ги следи здравје, среќа и бериќет.

М.Г.







ВИНО И РОЗИ ЗА ОСАМЕНИТЕ

Свети Трифун и Свети Валентајн, празникот на виното и празникот на љубовта беа повод, Општина Карпош да ја организира традиционалната манифестација „Дружење со осамените“. По тој повод триесетина лица од Карпош со чаша вино, рози и заеднички појадок два часа другаруваа со градоначалникот на Општината кому му ги кажаа своите желби, маки и потреби.

Во оваа пригода, градоначалникот Јакимовски изјави дека Општина Карпош по петти пат организира средба со лица на коишто им е потребна поддршка и љубов од локалната власт, особено граѓаните кои се осамени, без разлика дали немале брачен другар или е починат, и да им кажеме дека локалната самоуправа е тука, меѓу другото и да им пружи топол збор и поддршка.



-Со дел од овие лица ние често се гледаме, тие навистина пријателски ја доживуваат локалната самоуправа. Нашата задача не е само да придонесеме инфраструктурно да изградиме убава општина тука да го засилиме оној човечки момент, да им дадеме целосна поддршка и помош на овие лица, рече општинскиот татко. Локалната самоуправа води сметка за луѓето, квалитетот на нивниот живот, нивните чуства. Таму каде што можеме ние им помагаме на разни начини со цел да им го олесниме животот и да им го подобриме расположението. Оваа манифестација ја организираме секоја година и стана некако традиција да се среќаваме токму во овој ресторан, и со заеднички појадок и по еден цвет да си поразговараме.

Она што најмногу им недостасува на осамените, освен финансиски средства, е другарувањето. Самотијата сепак е најтешка и токму затоа имаат потреба од љубов и внимание. Ние сметаме дека има такви лица на кои ќе им значи да дојдат, да поминат дел од времето со нас и да ги потсетиме дека на денот на љубовта, треба да продолжат да ги негуваат своите надежи и очекувања. Денес, тука има и жени и мажи, од разни националности и разни возрасти, како и лица со посебни потреби и за сите нив Општина Карпош има широко отворени врати и разбирање, рече Јакимовски.

М. Глигорова

ВАСИЛИЧАРСКИ ОГАН ВО КАРПОШ

Христијанскиот празник Василица, или добро познато како пречек на Стара Нова година, со години наназад е традиција на палење оган и богата трпеза во населбата Нерези, во општина Карпош. Студеното време не ги спречи ниту ги остави рамнодушни жителите од оваа населба, па во голем број се собраа околу василичарскиот оган да ја дочекаат Старата Нова година или празникот Василица. Во организација на нережани, заедно со вработените од урбаната заедница Нерези, оваа манифестација ги содржи сите христијански адети. Со црковно пеење, топло црвено вино и кршење на лепче со паричка, се запали огнот кој ги стопли карпошани. На кршењето на лепчето, присуствуваше и градоначалникот Стевчо Јакимовски, а кумството за следната година му припадна на Оливер Станоески. Ова е втора среќа за Станоески кому му се паѓа паричката, бидејќи тој е и новиот кум за следната „бадникова година“, која традиционално се одржува во населбата Влае. **М.Г.**







"БУКВИ И ЗБОРОВИ" НИЗ ЦРТЕЖИ

По повод Светскиот ден на мајчиниот јазик, ООУ „Лазо Трповски", беше домаќин на училишен ликовен настан, во организација на Одделението за спорт и култура при Општина Карпош. Најталентираните основци во ликовниот израз, од шестто до деветто одделение, од десетте основни училишта на територијата на Карпош, учествуваа во изработката на цртежи со колаж на тема „букви и зборови". По пет ученика од секое училиште, здружени во заеднички ликовен тим, преку креативни идеи, создадоа оригинални уметнички дела, кои, потоа, беа изложени во холот на ООУ „Лазо Трповски". Ликовниот хепенинг беше збогатен со поетските стихови на познатите автори Душко Кралевски и Љубинка Донева, а на ликовните ментори и поетите им беа доделени благодарници за придонесот во реализацијата на овој настан.

ОСНОВЕЦОТ МИРКО НА „ВРВОТ" НА СКИЈАЧКИТЕ ПАТЕКИ

Мирко Лазарески од ООУ „Вера Циривири-Трена" и оваа година ја започна со спортски успеси. Шестооделенецот Мирко, на скијачките терени на Бјелашница, Босна и Херцеговина, во дисциплината велеслалом, го освои третото место во категоријата до 12 години.

Скромен, тивок, исполнителен, дисциплиниран, каков што е и во училишната клупа, тој е омилен кај своите клупски другарчиња, како и кај училишните другари. Ова не е првото високо место за Мирко, тој со своите постигнувања започна уште на почетокот на новата година. Основецот освои три први места на Копаоник, на Златибор во прва трка и во втора трка во дисциплината велеслалом, како и први места на Купот на Република Македонија на Попова Шапка. Успесите продолжува да ги ниже со освоени две втори места во БиХ, на Мокра Гора, Колашин – Црногорски скијачки сојуз, Пелистерски велеслалом во Битола и многу други.

Мирко тренира во ски-клубот „Ниш" и храбро ја претставува Македонија, како и своето училиште „Вера Циривири-Трена". **М.Г.**





МОДНАТА РАПСОДИЈА НА ЕНА

Младата модна креаторка Евгенија Зафировска од Карпош е вистински скриен цвет во модната индустрија. Таа плени со својата скромност, дискреција, но најмногу со своите модни креации. Со скриена насмевка, скромност на голем уметник, таа со љубов говори за своите модели. Ако рапсодијата е естетиката на романтизмот на Шуберт, Лист, Дворжак, Гершвин, тогаш, на 10 февруари, Ена, како што ја викаат најблиските, на изложбениот базар „Make your life more...” во кафулето „Concept37“ во Карпош, ја „испеа“ својата премиерна модна рапсодија во црно-бело. Преку изложувањето на уникатните и авангардни модерни модни парчиња облека и накит, Зафировска ги плени сите посетители на овој нејзин прв дебитантски настап во родниот град.

Зафировска е млада дизајнерка која првпат во Скопје претстави парчиња од нејзините досегашни студентски колекции. Досега, тие беа изложени на ревиите во Љубљана каде ги завршува студиите, како и во Хрватска и во Германија. Со авангарден стил и неконвенционални форми на парчињата, Зафировска е новиот моден бран во Македонија кој допрва ќе не заплисне со сите свои модни тоналитети.

Вљубеникот во формата Евгенија Зафировска, креативната карпошанка, во речиси сите свои креации, костумите , кошулите, здолништата, чантите и накитот, внесува дел од својата визија. Како што вели самата, нејзина инспирација се македонскиот етно стил, но и архитектурата и архитектонските форми. Една таква беше фонтаната во Дубаи, кој важи за град на богатството и престижот, а нејзин фокус во иднината е токму високата мода.

В.Ц.

ОПШТИНА КАРПОШ- ЛИДЕР ВО НАПЛАТА НА ДАНОК НА ИМОТ


Општина Карпош во изминатата 2014 година успеа да ја зачува лидерската позиција во Град Скопје како најуспешна и најефективна во наплата на данок на имот, каде голема улога игра даночната дисциплина и разбираwe на гра|аните за релевантната поврзаност на даноците со услугите од јавен интерес кои ги нуди општината.

Според сумираните податоци во Одделението за данок на имот, од вкупното задолжуваwe врз основа на данок на имот за 2014 година кое изнесуваше 50.068.006,00 денари, заклучно со 31.12.2014 година, се наплатени 53.772.328,00 денари што изнесува 107,4 % успешност во наплатата, што претставува главен показател на високата наплата.

Ваквите показатели, освен што говорат за стабилност во приходите на Општината и држеwe на степенот на наплата на задоволително ниво, врз која основа е и цврста финансиска подлога, како и професионалниот анганжман на даночната администрација во прибираwето на изворни приходи, говорат пред се, за високата лојалност на гра|аните кон својата општина, изразена токму преку исполнуваwето на нивните обврски и довербата што ја имаат во локалната власт. Според показателите, од 25.717 издадени даночни решенија до гра|аните се



уредно доставени 23.859 или 93.78 %, што, исто така, даде придонес за рекордната наплата на данок



на имот. Во текот на минатата година приходот од данок на имот по глава на жител изнесувал 901,00 денари, додека приходот од данок на имот по даночен обврзник бил 2.266,00 денари. Данокот на имот учествувал со 41,29 % во вкупните даноци од имот за 2014 година, додека сумирано, учеството на даноци на имот во вкупните приходи на Општина Карпош за 2014 година изнесувало 31,24%.

Интересен е податокот дека најголема наплата на данокот е во текот на пролетните месеци март, април и мај, поточно, кулминацијата на плаќањата е во мај.

Она, на што сме посебно горди во Општината е, што според официјалните, компаративни анализи, Општина Карпош е лидер во успешна наплата на данок на имот споредбено со останатите девет општини во Град Скопје. Иако, како сума, Општина Центар има поголем прилив на средства, тие имаат и поголемо задолжување (поширок опфат на даночни обврзници) кои, сепак, успеваат да ги наплатат со многу понизок процент од Општина Карпош, додека споредбата со останатите општини говори дека далеку предничиме во успешноста на наплатата на даноци. Според графичкиот приказ, заклучно со 30.11.2014 година, изгледа вака (види графикон).

Општина Центар е на трето место по навременост во реализираните наплати по основ данок на имот со 85.11 %, додека Општина Аеродром е на второ место во наплатата за данок на имот со 90.13 % реализација. Згора на тоа, Општина Карпош е апсолутен рекордер осма година по ред, со реализирана наплата на данок на имот од 98.03 %.

Сепак, локалната власт презема активности за натамошно подобрување на наплатата врз основа, меѓу кои се - навремено и уредно доставување на даночните решенија до физичките и правните лица, изготвување на извештај за наплата на данок на имот за првото полугодие за 2014 година, се со цел, да се утврди динамиката на наплата на данокот на имот и преземање на соодветни мерки во зависност од резултатите, ангажирање на даночниот инспектор во Општина Карпош, со цел за да се изврши проверка на состојбата и вредноста на недвижниот имот кој е предмет на оданочување, како и изготвување на опомени и решенија за присилна наплата за 2014 година.

Во 2014 година, даночната администрација на Општина Карпош започна Проект за откривање на непријавен данок на имот, кој е се уште во фаза на процесирање. Проектот е отпочнат со цел да биде спроведено прецизно ажурирање на базата на податоци на даночни обврзници кои поседуваат имот на територија на општината, како и да се исканализираат ризици од типот на ненавремено пријавување на имот, застарени или нецелосни податоци за површина, опис на имот и сл.


Даночната администрација го води Проектот во насока на транспарентно водење на Регистарот на недвижен имот на правни и физички лица, преку вршење увид на секоја катастарска парцела на територија на општината и анализа на имотната состојба за секој даночен обврзник поединечно, по пат на систематизиран пристап и координиран анганжман на вработените во месните заедници.

Она што очекуваме да биде исход од Проектот, е да добиеме прецизен увид во имотната состојба на даночните обрзници, минимизирање на ризикот од избегнување на обврската за пријава на имот, поголема ефективност во наплатата на даночните побарувања , зголемена информираност за правата и обврските на даночните обрзници и покренување на даночната дисциплина на повисоко ниво.

Никола Николовски









КОНСТИТУИРАН СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА КАРПОШ

На последната 30.та седница на Советот на Општина Карпош и официјално беше конституиран Советот на млади на општина Карпош. Тие на претходно одржаната подготвителна средба го разгледа предлог деловникот за работа на Советот, креиран од еден од членовите на Советот. На средбата, покрај членовите на Советот на млади, присуствуваа и Ивана Ордевска и Ивана Тасевска од Одделението за поддршка и организација на работата на Советот, како и Илија Станковски, претставник на Здружението на граѓани „Младите можат“, кои со поддршка од општина Карпош, се вклучија во процесот на креирање на Локална младинска стратегија и дадоа своја поддршка за работата на Советот на млади на општина Карпош.

И.М.

САКАМ ДА БИДАМ...

Селектирај го отпадот од производите што ги користиш секој ден и фрлај го во соодветните канти за хартија, пластика, стакло или лименки.
Само ако ѝ помогнеме на амбалажата што има минато да има и иднина, ќе ја заштитиме природата.

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО!



ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

КАРПОШ-ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСЕН ПРЕД СИТЕ

Моделот на субвенционирање на изградба нови објекти и реконструкција на постојните преку враќање на дел од комуналните давачки , со одлука на Советот на Општина Карпош од 20 февруари годинава ќе продолжи да се применува и во наредниот период. Тој е воведен како единствен таков пример во земјите на југозападен Балкан со Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконструкција на постојните објекти како услов за добивање градежна дозвола од Општина Карпош , а кај нас се применува од 2012 година.

На оваа седница, Советот на Општината ја укина важноста на овој Правилник поради стапување во сила на законската регулатива во оваа област во постапките за добивање градежна дозвола во сите единици на локалната самоуправа во Република Македонија.

Континуитетот во субвенционирањето се обезбедува со усвоената нова одлука, според која, Општина Карпош ќе ги субвенционира енергетски ефикасните објекти од А+, А и В класа на начин што ќе изврши намалување за 10% од потребните средства предвидени како надоместок за уредување на градежно земјиште во делот на Општината врз основа на класата, односно дополнителни 5%, доколку се користат обновливи извори на енергија.

Новите законски одредби во Република Македонија предвидуваат новите и реконструираните постојни објекти да имаат максимална годишна потрошувачка на енергија по квадратен метар од 100kWh/m²·a, или максимално С класа според енергетскиот сертификат.

Нашето тригодишно искуство во примената на нашиот Правилник покажа дека од вкупно изградените или во завршна фаза на градба 214 индивидуални и колективни објекти за домување, јавни згради , училишта, градинки и слично, 93 од нив се со потрошувачка помала од 50 kWh/m²·a или ке добијат енергетски сертификати од А и В класа. За овие објекти Општина Карпош обезбеди средства за субвенции врз основа на повраток на дел од комуналната такса согласно член 12 од нашиот Правилник.

Останатите 121 објект се енергетско ефикасни објекти со потрошувачка на енергија по квадратен метар на годишно ниво помала од 85 kWh/m²·a, што им обезбедува С класа според енергетскиот сертификат.

Уште поважно е дека 60-тина од овие објекти користат обновливи извори на енергија за греење, ладење, или санитарна топла вода што им обезбедува дополнителни 5% стимулативни субвенции.



Овие резултати од досегашната примена на Правилникот овозможуваат граѓаните и другите корисници на овие објекти да трошат и до 70% помалку енергија, а со тоа и помалку средства од семејните буџети , но воедно тоа се огромни заштеди на потребната примарна енергија за државата која годишно увезува повеке од 40% енергија за покривање на годишните потреби.

Адекватно на ваквите заштеди е намалената емисија на CO_2 што е наш придонес кон глобалната светска заложба за заштита на животната средина и планетата Земја.

Посебно важно искуство е промената на свеста и размислувањето кај инвеститорите и проектантите да градат објекти кои сè помалку ќе зависат од надворешниот приклучок за енергија и енергетските потреби кои се сé помали кај овие објекти сами да ги генерираат, притоа не нарушувајќи го комодитетот на живеење.

Оттаму, ние во Карпош, секогаш размислуваме понапред од она што е реална состојба во државата и нашата цел, со новата одлука, е да ги насочиме инвеститорите кон постигнување на европските стандарди во оваа област, дефинирани со директивата 31/2010/ЕУ со која во земјите членки на ЕУ од 2018 година сите нови објекти кои ќе се градат ќе бидат 0(нулти) енергетски објекти или објекти со енергетски потреби блиску до нула.

Дипл-инг. Љупчо Димов

СИСТЕМОТ НА ГЕОТЕРМАЛНИ ПУМПИ ЌЕ ГО ГРЕЕ И ООУ "ЛАЗО ТРПОВСКИ"

Со најновиот реализиран проект на Општина Карпош, уште едно училиште ќе биде вклучено во користењето на обновливи извори на енергија. Деновиве е завршен проектот за реализација и бајпас врската помеѓу топлотните подстаници на термалните пумпи за вода кои се користат за греење и ладење на административните бараки на Општината, со котелската постројка за греење во ООУ" Лазо Трповски".

Ова ќе овозможи греењето во ООУ" Лазо Трповски" во режим на надворешни температури до -2 С во месеците октомври,март и април целосно да биде на капацитетот на термалните пумпи. Котелската подстаница на ООУ" Лазо Трповски" ќе се вклучува само како дополна на системот за греење при екстремно ниски температури.Ова ќе овозможи заштеди на нафта за греење за ООУ" Лазо Трповски" како и максимално искористување на капацитетот на термалните пумпи. Со овој проект се реализира и нов автоматски режим на работа при греење и ладење на административните бараки по крива на зависност на надворешната температура и поставените референтни вредности во просториите од административните бараки. Проектот, исто така, ќе овозможи пасивно ладење во летниот период за административните бараки, со директно користење на бунарската вода како ладилен медиум и без вклучување во работа на термалните пумпи во режим на ладење.

Со ова, уште повеќе ќе се зголеми ефикасноста и ќе се намали потрошувачката на електрична енергија во топлинската подстаница со термални пумпи, што досега беше најубедливо ,најекономичен систем за греење во однос на сите останати. Согласно програмата за енергетска ефикасност на Општината, во почетокот на февруари ќе биде ставен во функција на новиот систем за греење со термални пумпи вода во ООУ" Вера Циривири Трена" , со што, уште еден објект ќе биде исклучен од прескапиот систем на централно греење и ќе користи обновливи извори на енергија . Оваа инвестиција, од нешто помалку од 4 000,000.00 милиони денари, ќе ги врати вложените средства за помалку од 2,5 години споредено со цените од централниот систем за греење, и сопственото греење со термални пумпи. **М.Г.**

"ЗЕЛЕН" ПРОЕКТ ЗА ЕКОЛОШКО ОДНЕСУВАЊЕ

Секторот за животна средина при Општина Карпош, во соработка со Здружението за заштита и унапредување на животната средина „Еко-Логик", денеска одржаа обука на претставници од сите десет основни училишта на територијата на Карпош за тоа како да се дојде до чиста околина и почист воздух. Проектот „Биди зелен и дојди на училиште на еколошки начин", има за цел да ја подигне јавната свест за климатските промени, а крајна таргет група се учениците од петто до шесто одделение кои ќе бидат обучувани од денешните посетители на обуката. Освен тоа во проектот ќе се претстават и нови и креативни начини на учење кај младите за теми од животната средина и за поддобро разбирање и подигање на знаењето на младите на тема енергетска ефикасност, климатски промени, одржливо живеење, рециклирање и редуцирање. За да биде воздухот чист, Здружението за заштита на животната средина „Еко-Логик", апелира до граѓаните, а пред се до децата во училиштата да научат како да дишат свеж воздух и да не ја загадуваат околината.

Одгледување домашни растенија, исклучени електрични апарати од струја како и користење на својот велосипед и пешачење, беа дел од советите кои беа презентирани пред присутните. **М.Г.**



Ballet ... it's the rhythm of your life

Адреса: Никола Парапунов бр 3А
(дтц. Карпош 4)

Телефон: 075 86 99 44
www.artballet.com.mk

e-mail: tamara@artballet.com.mk
Facebook: Art Ballet - Skopje



Art Ballet
ballet school

„Карпош Соколи“-успешна кошаркарска приказна

НА ПАТОТ КОН ВРВОТ

Ако до вчера беа изненадување, тимот на Општина Карпош, како што милуваат да го викаат, „Карпош Соколи“, метеорски станува препознатлив кошаркарски бренд. Во новата сезона стартуваше доста уверливо, а потоа нижеше победи едно по друго, за сега да го дели првото место по бодови со МЗТ. И не запира тука: гаи сериозни амбиции за освојување на шампионската титула и влез во Јадранската лига(поранешната АБА лига) во кошарка. Доста ентузијастички, но таму, рамо до рамо со врвните кошаркарски тимови од регионот вистински ќе си ги одмери силите и кошаркарските знаења со врвните клубови од поранешните ју-републики: Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Црна Гора и по специјална покана и тимови од други европски земји од соседството и подалеку.

„Карпош соколи“ не се само прволигашки тим во највисоката кошаркарска лига во земјата, туку сериозно станува една вистинска кошаркарска академија. Според зборовите на Михаил Наумовски-Мики помошник тренер на првиот тим и „одговорниот“ за младите соколи, во Карпош темелно се работи на развивање на кошарката уште од мали нозе.

-Работиме со децата од сите основни училишта во Општина Карпош и тоа од најрана училишна возраст односно од прво до четврто одделение, со мали баскети и прилагодени кошеви за нив. Опфатени се и учениците од петто до осмо одделение од каде всушност ја правиме и селекцијата на млади



Младинската екипа на „Карпош Соколи“

кошаркари кои натаму ќе играат во лигите. Тоа е да речеме, вели Наумовски, првиот филтер пред влезот во првата екипа.

За тоа се разбира има и соодветна сатисфакција односно под „палката„ на Мики „Карпош Соколи“ лани станаа младински шампиони победувајќи го „Вардар“ во финалниот дуел, а Михаил Наумоски е прогласен за најдобар тренер на млади кошаркари во Македонија.

Нејсе, ниту еден успех на кошаркарите не е случаен, па ни овој на „Карпош Соколи“.Многу тренинзи, многу талент, пожртвуваност и желба за успех, се оние особини кои ги вивнаа на врвот. За секој случај, земавме и зајакнување. Некаде околу Божиќ во „Карпош Соколи“ пристигнаа и двајца Американци кои треба да внесат малку NBA дух и во нашиот тим. Тоа беше повод да направиме две мини интервјуа со нашите американски ѕвезди.

В.Ц.



Тимот кој го води „Карпош Соколи“: Михаил Наумовски-Мики-помошник главен тренер, Ацо Петровиќ-главен тренер, Сашо Тодоровски-асистент тренер, Магде Богучевска-доктор и Горан Андонов - доктор

Крис Ворен

ВО ТИМОТ ИМАМЕ ТАЛЕНТИРАНИ МОМЦИ



Крис Ворен (196. цм), е роден во Гарлен Тексас во 1981 година. Американски професионален кошаркар кој игра на позицијата бек-шутер. Стартува со игра во мексиканскиот Пантер Аквасалиентас, потоа за чилеанскиот Депортиво Инуверзитас Католика. На европско тло доаѓа во Португалија, во Оливеирантес, а во 2005 во Србија во белградски Рефлекс.Голем трансфер му е преминот во 2006 во загребска Цибона каде двапати го освојува првенството. Во 2008 настапува за италијанскиот Ер Авелино, каде станува четврти стрелец во Европа. Во „Карпош Соколи“ доаѓа од почетокот на годинава

- **Г-дине Ворен имате исклучително богата кошаркарска кариера, почнувајќи од вашиот Тексас, потоа во мексички клупови, за конечно да се префрлите на европско тло. Игравте во Србија, Хрватска а сега во Македонија. Што ве привлекува на овие простори?**

Не сум сигурен, но добро го познавам Балканот, неговата културата, луѓето. Низ годините добро се прилагодив, со мене се однесуваат добро и зсега тоа ми е најважно.

- **Сепак, признанијата за најдобар шутер ги постигнавте во Цибона, Ер Авелино, Билбао...**

Завршив доста напорна работа во тие клубови. Се обидувам напорно да вежбам, резултатот не е секогаш добар, но се обидувам да бидам позитивен и да имам доверба во сопствените способности.

- **Дали има млади кошаркари кои се подготвени да учат од вашето искуство и знаење?**

Попатно сум им помагал на младите луѓе, или доколку некој ми побара помош. Јас и сега тука ќе се обидам да му помогна. Она што според мене е најважно е да ги упатам на менталната цврстина која мора да постои доколку сакаат кариерата да им оди по нагорна линија. Нештата не секогаш излегуваат како што тие би сакале, но важно е да останат позитивни и да ја гледаат крајната цел.

- **Каква иднина му предвидувате на „Карпош Соколи“?**

Мислам дека иднината е во тоа што тие тежнеат да изградат. Доколку сакаат да бидат шампиони на Македонија, јас можам да им помогнам да го остварат тоа годинава, и тоа ќе биде предуслов за нив да останат на извесно ниво во Европа, бидејќи кога бев во Билбао и таму влегов во мал клуб, но постигнавме голем успех. Всушност, во секој клуб во кој сум бил сме имале успех и секогаш сме се движеле во нагорна линија, на што сум многу горд.

- **Има ли на повидок добар бек-шутер во Соколи?**

Овде сум само еден месец и ми се чини дека немам видено многу тимови низ Македонија. Ние во нашиот тим „Карпош Соколи“ имаме талентирани момци, така што кога ќе видам повеќе од лигата ќе можам да утврдам дали има добар талент. Но, мислам дека секогаш има таленти на Балканот. Повеќеминатa играчи од НБА лигата се од Балканот.

- **Колку мислите да останете и какви ви се плановите?**

Не знам колку ќе останам, моите планови се да си ја повратам кариерата, со оглед на тоа дека имав неколку повреди изминативе години. Сè е можно, нема да се обидувам да го ограничувам тимот. Ќе има доста напорна работа, подеми и падови, но доколку се држиме заедно и бидеме убедени дека можеме да успееме, мислам дека сè е возможно.

И.М.

Дариус Раис

ЌЕ ГО ДОБИЕМЕ ШАМПИОНАТОТ

- **Вие сте еден од најпознатите globetrotter-и во кошарка. Кој ви беше предизвикот после толку успешни настапи во Јапонија да дојдете кај нас во Македонија?**

Тоа беше можност да продолжам да играм, а играњето е и забава. Тимот на „Карпош Соколи“ ме повика, а јас немав во моментот бев без ангажман, па си реков дека сакам да дојдам овде и повторно да играм во Европа. Играв претходно во Европа три години и постигнав добри резултати.

- **Дали „Карпош Соколи“ ви е само попатна станица и колку останувате тука?**

Ми се чини дека шампионатот е во мај, така што се надевам дека ќе стасаме до шампионат и ќе победиме, затоа сме сите овде заедно за да се обидеме да победиме и да станеме шампиони.

- **Како се чувствувате во овој млад клуб?**

Тимот е добар, има многу добри млади играчи, сите сме собрани заедно за да победиме на шампионатот. Со оглед на тоа што сме млад тим, сегашното второ место во првата лига е добро. Бидејќи ние сме меѓу првите три места, од оваа стартна позиција оправдано е да се надеваме дека ќе го добиеме шампионатот.

- **Какви му се перспективите на нашиот клуб и во кој дел најмногу можете да помогнете?**

Јас се обидувам да донесам искуство и да ги водам, сум играл насекаде и ја имам научено европската игра. На тој начин се обидувам да го споделам искуството, да почувствувам возбуда кај навивачите и да помогнам да победиме.

- **На која позиција играте?**

Играм на позиција крилен центар, тренерот си ја врши својата работа, ми помага да го фатам ритамот на тимот, да го почувствувам текот, така што јас едноставно се обидувам добро да се вклопам и да го дадам најдоброто од себе.

- **Кои ви се најоптимистичките прогнози за сезонава?**

Да се надеваме дека ќе победиме на шампионатот, затоа сме овде и тоа на сите им е примарната цел. Башески и МЗТ се меѓу омилените, така што се надеваме дека ќе ги победиме.

Ива Манова



Дариус Рајс (208 см.) е роден во Џексон 1982 год.) стартува од кошаркарскиот тим на колеџот во Мајами, Флорида. Игра на позиција центар-крило.
Во изминатото лето Рајс беше присутен на тренинг кампот на НБА составот Мемфис Гризли. Рајс има големо искуство играјќи во НБА, НБА Д-лигата, Венецуела, Полска, Кина, Порторико, Филипини, Италија, Унгарија, ОАЕ, Бахреин, Уругвај, Јапонија. Од почетокот на годината е редовен првотимец во „Карпош Соколи“

СО ЗУРЛИ И ТАПАНИ СЕ СЛАВЕШЕ СВ. АТАНАСИЈ

Свети Атанасиј, празникот на кој се „прекршува зимата“ или како што велат преданијата „кожувчето од нас или кожувчето на нас“, со што се определува силината на вториот дел од зимата, на извонредно весел и традиционален начин се одбележа во Општина Карпош. Во месната заедница Злокуќани, каде што со години наназад се чествува овој христијански празник претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, со богата трпеза, литургија и музика му го предаде кумството на Љупчо Цековски. Во таа пригода Лазаревски на сите жители им посака добро здравје, среќа и благосостојба, порачувајќи им дека негувањето на вакви обичаи и на традицијата е всушност вистинскиот начин да се задржи идентитетот на народот и државноста. Уште од време турско, како што велат старите влаевчани, во Влае се слави Свети Атанасиј. Оваа голема слава продолжи да ја поддржува и негува и Општина Карпош, а почесен гостин на славската трпеза и на веселбата беше и првиот човек на Карпош, Градоначалникот Стевчо Јакимовски. -Овој ден го славиме со посебен пиетет, бидејќи е празник и радост на цело Влае. Тој мене лично ме потсетува на детството, на радоста и дружењето, на „тешкото“ кој босоног го одигруваше чичко Илија-Џамбо и на веселбата која траеше цел ден. Јакимовски исто така се фати за оро и славеше со неколку стотина присутни на игралиштето во Влае 1, каде се слушнаа зурли и тапани. Инаку годинашното кумство, кумовите на Свети Атанасиј во Влае, Зоран Кралевски, Горан и Оливер Стојчевски го предадоа на новите кумови, Рада Бошковска, попозната како Баба Рада, Перса Николиќ и Марин Мијалков. Целодневното славење на Свети Атанасиј ќе траеше до вечерните часови со вино и со топол чај, а за музичкото доживување беа задолжени КУД „Цветан Димов“ групата „Палма“ и Ани Малинова.





В.Ц.

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
Тел. 02/ 3063 190
www.feroelektro.mk
MTD


Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Општина Карпош shared a link.



КАРПОШ ЈА ИСПРАТИ ПОМОШТА ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ

Stevco Jakimovski shared a link.



ВИНО И РОЗИ ЗА ОСАМЕНИТЕ

Општина Карпош - Municipality of Karpos

Креативно Катче Karpos e najhumanata opstina so najhumani gragjani vo Makedonija!

Metï Bekteshi sekoja cest za nasiot gradonaclnik - isto sekoja cest za site gragani vo opstina K A R P O S . . .

Olivera Pavlovska Karpos si e Karpos bravo za Општина Карпош primer ste za site Opstini vo drzvata cestitki za grodonaclnikot

Mirjana Tasevska najhumanata Opstina bravo !

Silvana Ivanovska stvarno e naj dobra opstina bravo



Ивана бе брат @UskoDolgousko · Feb 4
Здраво, ме интересира дали сеуште постои емисијата "Карпош Визија"? Ви благодарам. @OpstinaKarpos

Opstina Karpos @OpstinaKarpos · Feb 11
@UskoDolgousko Денеска (среда) во 17.40 емисијата ќе оди на Наша ТВ

Ивана бе брат @UskoDolgousko · Feb 11
@OpstinaKarpos Фала на инфо :) И одлична ви е респонзивноста.



Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk

Александар Цветковски – пример за вистински спортски дух



КОГА СЕ САКА...

Не сите детства се успешна приказна. И додека некои деца растеа и се развиваа правилно, Александар Цветковски од наслебата Влае, водеше жестока битка со церебралната парализа. Но, Александар е дете, кое и покрај многу здравствени проблеми, својата мотивација да го следи чекорот со другарчињата ја наоѓаше во спортот. Желбата за спорт и трудољубивоста му се исти како кај сите здрави деца. На неговиот 23-роденден, екипата на „Карпош Урбан“ заедно со неговиот тренер Димитар Бадев, беа негови гости. Тие двајцата, заедно со дузина други млади ракометни ентузијасти редовно тренираат во академија „Алушевски“.

Аце од мал го засакал спортот. Како што вели неговата мајка, Орданка Цветковска, нему не му пречи ниту дождот, ниту ниските температури или јакиот ветер.

-Од многу мали нозе почна да се ориентира кон спортот. Врнело-веело, Александар со топката ќе излезеше и ќе играше. Откако почна да спортува, му имаме купено најмалку 50 топки. Ќе излезе надвор и другите деца ќе му ја дупнат топката.Тие беа мали, тоа им беше игра. Ќе се врати и ќе ми рече „Мамо ми ја дупнаа топката “, а јас го тешев:„Ништо, друга ќе купиме“. Најпрво почна да се занимава со фудбал. Потоа почна да оди во основното училиште „Златан Сремац“ и покрај редовната физичка активност на училиште имаа и некои натпревари во фудбал. Првиот медал што го доби му е токму од тука, од основото училиште. Со тие почетоци, детето полека почна да навлегува во спортскиот живот. Тој продолжи со кошарка, со одбојка па потоа и со пливање. Сега , пасија му е ракометот. Меѓутоа, јас Александар не го гледам како дете со посебни потреби, туку, пред моите очи, како мајка, јас го гледам како здраво дете па така се поставувам спрема него. – вели мајката на Александар.

Љубовта кон спортот Александар ја изразува преку моќните и истоштувачки тренинзи во академијата „Алушевски“. Госпоѓата Орданка насмеана и задоволна раскажува за Александар и времето поминато во академијата.

-Аце оди трипати неделно во академија „Алушевски“, понеделник, среда и петок и мислам дека тие воопшто не му се напорни, туку со тие тренинзи се релаксира. Кога ќе се врати од тренинзите е полн со енергија и позитивно расположение. Јас, иако не сум била досега во академија „Алушевски“, верувам дека условите се на највисоко ниво. Штом синот е задоволен, јас сум уште позадоволна. Тренерите спрема него се многу добри, се поставуваат како што треба, односно не го издвојуваат како дете со посебни потреби. Тоа е она што јас најмногу го почитувам. – истакна Цветковска.

На ѕидот во неговата соба беа закачени медали од различни спортски дисциплини. Динамичниот живот на Александар Цветковски само го потврдува успехот во животот на спортски план.

- Александар ни најмалку немаше интерес за бадмингтон, но откако го предложија токму него од Олимпискиот комитет, со љубов го играше и овој спорт, на кој одеше редовно и не пропушташе тренинзи. Па дури ќе ми го дадеше рекетот заедно да играме дома за да вежба. Немаше проблем и одеше со голема желба и љубов на тренинзите и неговиот резултат се виде. Во Белгија, во септември, освои трето место меѓу 58 земји-учесници и беше единствениот претставник од Македонија во оваа дисциплина. Останатите медали се добиени од Олимпискиот комитет во фудбал, во пливање, во кошарка, во одбојка, потоа од средното училиште од натпревари кои се одржуваа во училиштето и надвор од него – заврши Орданка и во негово име ја истакна роденденската желба за побрзо закрепнување на неговата колешка Робертина Мечевска и поскоро враќање на паркетот.

Госпоѓата Орданка Цветковска, за крај од разговорот упати апел до сите родители кои имаат деца со попреченост.

-Како мајка апелирам до родителите коишто имаат деца со посебни потреби воопшто да не ги гледаат своите деца како деца со посебни потреби. Јас, како родител, го гледам своето дете како право и здраво, јас му давам живот и му давам здравје. Освен тоа, децата треба да ги вклучат и да ги вклопат во спортскиот живот, затоа што спортот многу значи, посебно за развивање на моториката и екстремитетите.

-За мене, Аце е чудо – вели тренерот на Аце, Димитар Бадев, поранешен ракометар и вработен во локалната самоуправа, во Одделението за спорт. Тој го раскажа искуството кое го имал при запознавањето со Александар.

-Александар воопшто не го водиме во академијата како дете со посебни потреби. Морам да кажам дека за првпат кога дојде Александар со татко му во академијата, и јас и Стевче Алушевски останавме вцашени. Кога дојде во салата и кога се трудеше да ни каже што сака и што мисли, нормално не можеше, татко му ни пријде и ни рече „може ли Александар да се обиде да тренира ракомет“? И знаете како, порано сме биле професионалци, сме поминале многу во спортскиот живот, особено Алушевски се погледнавме и се согласивме дека ќе го примиме иако не знаевме како ќе го прифатат останатите деца. Аце не го знаевме како спортист, јас го познавав како навивач од терените. Но, поради неговата болест, неможев да разберам како Аце ќе тренира нормално со другите деца. Аце мене ми отвори „нова чакра“ откако го запознав. Првиот тренинг неможам да го заборавам, гледајќи го него и мислејќи дека нема да може ниту да ја фати топката, да замавне, да додаде или пак да шутне, Аце буквално ги работи истите вежби, моторички вкрстувања, развлекувања акции како и останатите деца. Тој има нешто во него што го немаат останатите. Аце ни покажува мене и на сите деца во академијата, што значи мотив, што значи амбиција и што значи желба за успех. Неговата мотивацијата надминува се – вели неговиот тренер гушкајќи го силно.

Мила Глигорова

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta

ТВИТЕР ХУМОР

@tvitagora

станав 10 мин пред алармот, шшшш да не го разбудам.

@puknan_zid

Самокритична сум, само критикувам некој

@Mad_Hartigan

Не секој звер заслужува убавица

@pretposledna

Сиромаштија левел пола народ нема ни свое мислење

@SendvicSoVegeta

- Аааа, кажи кој те сликаше??
- Де бе докторе, и на рентген ли вакви работи

@sinisa_goliOtok

- Немој! Тоа е за гости!
- Мамо шеќер во кафето ставам!

@Plavaaa

Кој не истресол кеса од правосмукалка не знае што се 50 нијанси на сиво.

@sjalica

Оној момент кога тешиш некој, а ти 100 пати си во полоша ситуација.

@ismiljanska

- Ајде да се иселиме од Македонија
- да бе, на најинтерес-ното!!!

@i999y

Ете, заврши јануари, имате пари сеа??

@1machka

Колку љубов има у тоа "да те видам на 5 минути"

Изработила: Ива Манова

ЧЕТИРИ МЕДАЛИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КАРАТИСТИ ВО ЦИРИХ



Македонската репрезентација на Европското првенство во карате за кадети и јуниори, кое се одржа во Цирих во почетокот на месец февруари се закити со четири медали. Тие им припаднаа на Вероника Костовска која освои златен медал, сребрен медал освои Петар Заборски и два бронзени медала им припаднаа на Моника Пендаровска и Сара Радичевска. Овие млади каратисти се членови на „Макпетрол“, еден од најуспешните клубови на нашите простори, а двајцата носители на медали Заборски и Радичевска се и поранешни спортски стипендисти на Општина Карпош. На Европското првенство во Цирих учествуваа 924 натпреварувачи од 47 земји, а македонската репрезентација го освои деветтото место во вкупниот пласман. Најдобри земји-учеснички беа Франција, Италија и Турција.

М.Г.

РОДЕНДЕНСКИ МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО ЧЕСТ НА ТОШЕ ПРОЕСКИ

На роденденот на незаборавната поп икона, Тоше Проески, на 25 јануари, се одигра низа натпревари, музички настани и хуманитарни манифестации. Во организација на Здружението на стопанственици Власи од Македонија „Мандра“ од Скопје, под покровителство на Општина Карпош и ЕВН Македонија како генерален спонзор, се одигра седмиот по ред турнир во мал фудбал „Тоше Проески 2015“. По тој повод, Општина Карпош беше домаќин на роденденскиот фудбалски турнир помеѓу екипите на „Карпош“ од Карпош и „Крушува“ од Крушево, како прв натпревар, како и на вториот, помеѓу екипите на „Мандра“ од Скопје и „Лиличеа ароши“ од Велес. СЦ „Форца“ беше преполн со навивачи и љубители на фудбалот, а во рамките на спортската манифестација, присутните имаа можност да слушнат и песни на влашки, албански и ромски јазик, изведени од повеќе културни уметници.

М.Г.



КИРИЛ ГЕОРГИЕВ-ПОБЕДНИК НА ПРАЗНИЧНИОТ ШАХОВСКИ ТУРНИР

Во пригодна и „камерна“атмосфера на 24. јануари, се одржа четвртиот по ред Божиќен шаховски турнир во Општина Карпош. На традиционалниот меѓународен шаховски турнир кој е под покровителство на локалната самоуправа и во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Ассеко“, беа пријавени 114 шахисти, од кои 107 успешно се натпреваруваа во оваа древна игра. Учесниците беа од повеќе европски држави: Србија, Албанија, Косово, Бугарија, Полска и Македонија. Турнирот се рејтингуваше и се играше според Швајцарски систем на натпреварување, во девет кола, според правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, го изрази своето задоволство што овој турнир од мал прерасна во поголем европски турнир, и според интересот за него, се приближува кон големиот и етаблиран „Карпош Опен“. По завршувањето на овој турнир, следуваат подготовките за „Карпош Опен“ кој треба да се одржи во март, а потоа, наесен, и европското шаховско првенство, кое, исто така, е во наша организација и на кое се очекува да има повеќе од 800 шахисти. Задоволство од поддршката на шахот изрази и потпретседателот на шаховскиот клуб „Гамбит Ассеко“, Зоран Стојчевски, посебно што резултираше со завиден одзив на голем број шахисти на овој традиционален шаховски турнир, кој секоја година се одржува пред големиот настан „Карпош Опен“.



-Оваа година куриозитет е што имаме играч и од Полска, но задоволство ни претставува што натпреварувачите се шахисти од повеќе држави во балканските земји. Оваа организација воопшто не е лесно да се подготви, но кога зад себе ја имате најспортската општина, Општина Карпош, се изгледа



поедноставно и лесно да се реализира – посочи Стојчевски. Турнирот беше суден од интернационалниот судија Иван Кочовски – главен судија и Сашко Лакински – помошник судија. Минатогодишниот победник на „Опен Карпош“, шахистот Кирил Георгиев, е победник на четвртиот Божиќен шаховски турнир за 2015 година. Во напната атмосфера, се одиграа сите девет кола според правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Ассеко“ и под покровителство на Општина Карпош, со вредни парични награди се здобија десет натпреварувачи и тоа: Бедри Садику од Косово на десетто место, на деветто, Славе Трајкоски од Македонија, на осмо место, Дејан Стојановски исто така од Македонија, на седмо место Мирослав Миљковиќ од Србија, на шестото место заврши Љубомир Данов од Бугарија, петто место за Драгољуб Јачимовиќ од Македонија, четврто место за Ндерим Сарачи од Косово, Борољуб Златановиќ од Србија го освои третото место, вицешампионското место за Петар Дренчев од Бугарија и првото место за Кирил Георгиев од Бугарија. На овогодишниот празничен турнир, местото за најдобро пласирана жена го доби Моника Стојковска од Македонија, а најдобар младинец до 18 години е Тони Лазов, исто така, од Македонија. Зоран Новоселски од Србија го освои местото за најдобар ветеран S60, најдобар играч со рејтинг помал од 2100 е Јанчо Ѓорѓиевски од Македноја, а најдобар играч со рејтинг помал од 1900 е Мисини Бурханудин од Косово. Наградниот фонд за турнирот изнесуваше 75.000 денари.

М. Глигорова

На покана на HELEXPO

КАРПОШ НА DETROP 2015 ВО СОЛУН

Општина Карпош беше единствената општина од Република Македонија која на 26-ти февруари преку свои претставници учествуваше на DETROP – 2015, меѓународната изложба на храна и пијалоци во Грција.

На покана на HELEXPO (Национална Агенција за организирање саеми, конгреси и културни настани) од Солун, а во организација на Стопанската комора на Македонија, на настанот присуствуваа помошник раководителот на Секторот за дејности од јавен интерес Гордана Зафировска и М-р Ирена Калајџиева Милевска – овластено лице за контрола и безбедност на храна во градинките и основните училишта на територија на Општина Карпош.

Основна тема на настанот беше комбинација на квалитетот на традиционалниот и современиот начин на подготовка на медитеранската традиционална храна во Грција. Беа претставени свежи и преработени прехранбени производи и пијалоци, автохтони за одредени региони. Доминираше молекуларната гастрономија, а истакнати готвачи презентираа како од свежи производи можат да се добијат врвни специјалитети. Традиционалното производство на семејните мали бизниси беше особено интересно за стотиците гости од целиот свет. Освен од земјава саемот го посетија гоости од многу земји од Европа, САД и од Јапонија.

Освен веќе познатите традиционални грчки производи, најатрактивни и највкусни беа производите од десетици видови маслинки, зачински треви, салеп со над 10 вкусови, ароматично кафе, млеко и млечни производи, месни производи, вина од најразлични региони на земјата, како и спирулина и производи од спирулина (напитоци, колачи и чоколади).

Претставниците од Општина Карпош, во разговорите со колегите од другите земји, но и со излошувачите на саемот ја презентираа политиката за „здрава и безбедна храна“ која ја води Општината во своите образовни институции. Ги пренесовме нашите искуства во менаџирање на контролата и безбедноста на храната, користење на сезонско свежо овошје и зеленчук во градинките и сите напори кои ги правиме од нутриционистички аспект за одгледување на здраво потомство. Домаќините, пак, од своја страна презентираа начини на подготовка и рецептури за кондиторски производи кои најмладите ги сакаат. Овие производи се 100 проценти здрави и се без шеќер, адитиви и др. додатоци штетни за здравјето на децата. Домаќините ни покажаа дека слатките можат да бидат истовремено вкусни и хранливи, но и нутритивно избалансирани за децата од предшколска возраст. Тому тој заеднички интерес за 100 проценти здрава храна беше причина да воспоставиме контакти за можна идна соработка.



И. Калајџиева -Милевска



И ФИНО И СВЕЖО ВО „FINO FRUTTI“

„Fino frutti“ е еден од најреномираните снабдувачи со овошје и зеленчук на нашиот пазар со докажано реноме. Нивното лого „Свежо и купувај ефтино“ стана препознатливо за сите сладокусци и љубители на здрава храна, односно на свежо овошје и зеленчук. Четиригодишното постоење на маркетите „Fino Frutti“, е доказ за одржлив квалитет на пазарот. Полна кошница, ниска сметка и пред се задоволни купувачи:

Потрошувач 1: Презадоволна сум од маркетот „Fino Frutti“. Свежи продукти, вкусни, и што е најважно, по многу ниска цена.

Потрошувач 2: Ефтино. Многу ефтино. Тоа е она што се бара. Свежо, а ефтино. Во изминативе години, купувајќи од маркетите „Fino Frutti“имам заштедено многу пари.

Потрошувач 3: Од големо значење за мене е тоа што маркетот се наоѓа под мојата зграда, но и да не беше така ќе отидев и подалеку, зашто сакам моите внуци да внесуваат природни витамини преку овошјето и зеленчукот.

Новоотвореният маркет „Fino Frutti“ е шестиот снабдувачки маркет од овој бренд кој „храбро зачекори“ и меѓу граѓаните на Карпош. Сега карпошани полесно може да дојдат до свежо овошје и зеленчук, но и до сурови продукти. Тој се наоѓа на улица „Рузвелтова“ на самата граница меѓу општините Карпош и Центар. Наредени по боја и големина, примамливите продукти, освен квалитет се и вистинско естетско доживување.

Брендот „Fino Frutti “, кој на пазарот се искачи меѓу најдобро снабдените маркети со овошје и зеленчук, за поторшувачите нуди екстремно ниски цени кои достигнуваат разлика од дури 25 %. Во овој маркет секој поторшувач може да избере она што го сака. А зошто „Fino Frutti“? Затоа што има најдобри производи и за час стасува до потрошувачот, бидејќи се прави дотур на производи по пет пати дневно. И затоа што квалитетот на продуктите е најдобар. И фино и свежо во „Fino Frutti“.





Јоана Станиќ

Март '15

ОВЕН–Донесувањето важни одлуки на работен план оставете го за понатамошниот период. На љубовен план посебно поволен период, за слободните нови познанства, а за оние во брак ренесанса на љубовта. Внесете во исхраната повеќе чаеви, сокови, овошје и зеленчук.

БИК-Мирен период за сите бикови кои претходно имале бурен работен период, а останатите ќе вршат подготовка за започнување на нешто ново во работата. Бурен период на љубовен план, потрудете се да не предизвикувате љубомора кај партнерот. Здравје - добро.

БЛИЗНАЦИ-Не сте баш во совршена форма. Нешто ја нарушува вашата концентрација, потребно е да се стабилизиратена работен план бидејќи вашата расејаност ја забележува и околината. Љубовта „ви оди од рака“, но не практикувајте паралелни врски. Повеќе спорт и свеж воздух.

РАК-Ве очекуваат големи промени на работен план и повеќе работни обврски. Сакате да имате некој покрај себе, иако не ви е најдобро. Во периодов постои можност за нова љубовна врска. Недостаток на енергија, повеќе одморајте.

ЛАВ-Одличен месец за финансии и за согласување со сите соработници. Можност за започнување на нови бизниси. Барате некој кој навистина ќе одговори на вашите потреби и чувствувате незадоволство на љубовен план. Бидете трпеливи, наскоро работите ќе добијат поубав тек. Спортувајте.

ДЕВИЦА – Внимателно управувајте со финансиите, периодов не ви носи добивки и потрудете се да ги намалите трошоците. Во љубовта тензичен период, партнерот ја чувствува вашата отсутност. Мислите ви се на друга страна. Прошетки и лесна исхрана.

ВАГА – Нов договор или почеток на сосема нова работа. Одличен период за напредување во кариерата. Доколку сте планирале да ја озаконите вашата врска, ова е вистински период за вас. Уживајте во љубовта. Дружете се повеќе и бидете физички активни.

СКОРПИЈА-Сите чекори кои ќе ги преземете на работен план, ќе треба секој чекор внимателно да го испланирате. Во љубовта мислите ви се преокупирани со некоја нова личност, нешто што нема да можете да го сокриете од партнерот. Помалку шеќери во исхраната.

СТРЕЛЕЦ –Тензиите на работен план месецов ќе се смират, ќе бидете позадоволни и од соработниците и од приходите. Бурен период на почетокот на месецот кој може да ви ги комплицира односите со партнерот. Направете рутински лекарски преглед.

ЈАРЕЦ-Ова е месец кога ќе морате да поработите на вашите комуникативни способности, квалитетот на изразувањето и на сé она што мислите вербално да го кажете. Расчистување на некои стари сметки, прилично тензичен период. Направете контролен преглед на лекар.

ВОДОЛИЈА – Добар месец на работен план. Треба да го искористите во првата половина за нови деловни соработки и напредувања. Сатурн ќе ја тестира вашата љубов, а слободните ќе имаат можност за ново познанство и постабилен однос. Внимавајте на исхраната и потрудете се да се ослободните од стресот.

РИБИ-Ова е месец каде што добро ќе поминувате во врска со финансиите. Искористето го периодов за проширување на соработките. Вљубените можат да се опуштат и целосно да уживаат во љубовта. Опуштете се со добра книга, музика или прошетка.



Бахова цветна терапија

CHERRY PLUM (PRUNUS CERASIFERA) – ЦРВЕНА СЛИВА

Cherry Plum е препарат за луѓе кои се плашат дека ќе ја изгубат контролата над своето однесување и кои по секоја цена се обидуваат да се контролираат или, пак, ги поттиснуваат своите вистински чувства за кои неможат да разговараат со другите.

Добиваат чувство дека ќе доживеат нервен слом, длабока безнадежност и страв дека ќе полудат.

Cherry Plum е за личности кои мислат дека во секој момент ќе експлодираат,кои имаат страв дека ќе попуштат на неконтролираните импулси кои не би можеле да ги поднесат.

Овие личности знаат повремено со своите изјави и коментари да ја навредуваат околината и се однесуваат хистерично пред пријателите и семејството, а често добиваат и неконтролирани напади на лутина и агресија, каде што можат да кршат предмети или, пак, во лутината да направат голема штета.

Во детството биле приморани да ги контролираат чувствата,бидејќи околината им наметнала став дека чувствата треба да се задржат за себе. Со ова е настанато потиснување на чувствата и страв од нив.

Позитивниот потенцијал на Cherry Plum растението на луѓето им помага да ги опуштат внатрешните притисоци. Личностите почнуваат рационално да размислуваат и така да се однесуваат. Им помага да се соочат со животните и со внатрешните проблеми и полесно да ги решаваат. Им ја враќа силата,опуштеноста и храброста, личноста може лесно да ги дефинира своите вистински чувства и да зборува за нив.

Децата кои ноќе мократ во кревет, можат со оваа билка да ги победат своите стравови кои во текот на денот ги контролираат и ги потиснуваат, а ноќе кога ќе се опуштат, се опушта и внатрешниот притисок кој се искажува низ мокрење.



Кај проблемите во врските, кога со денови се собираат проблеми и агресии за кои не се говори отворено, Cherry Plum помага партнерите да се отворат и да разговараат пред да се најдат во критична ситуација.

На работен план, билката помага личноста полесно да се соочи со проблемите и со стресот.

За деца кои во текот на денот родителите ги држат под строга контрола, нивните стравови можат да се манифестираат ноќе со мокрење во кревет. Се користи за деца кои по укор од наставник не сакаат да посетуваат повеќе настава, против страв од јавен настап, против нерационални мисли и постапки. Овие капки помагаат да ги контролираме сопствените импулси, да ги надминеме и со своите постапки да управуваме со разумот.

Болести од кои боледуваат личностите во негативна состојба Cherry Plum- меланхолија, анксиозност, компулзивни пореметувања, паника, очај, лудило, насилство, халуцинации, губиток на глас, тешко дишење, констипација, алергија, првут, губиток на коса, камен во бубрег, акни, псоријаза, екцем, пелтечење, тикови, лоша циркулација, бес.

Јоана Станиќ





ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

Гозбови Јадења

ДОМАШНИ ЈАДЕЊА КАКО ШТО ГИ ПРАВИ МАМА...

СО ВКУСОТ НА МАМА

ВРЕДНОСЕН ВАУЧЕР

Вие сте добитник на ВКУСЕН вредносен ваучер **60** *ден*

Пилешка салата
Сарма
Пилешки прсти
Погачи
Печење
Домашна пита
Руска салата



НАЈЕФТИНИ ЦЕНИ НА ГОТВЕНА ХРАНА ВО ГРАДОТ!

Т.Ц. Лептокарија (веднаш до Канела)
тел. 02/ 30 66667

отсечете го овој ваучер и нарачајте нешто по ваш вкус...



ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ЛОЗЈАТА НА СВ. ТРИФУН